

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР.23, МЕСЕЦ ЈУЛИ 2020

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



## ИЗГРАДБА НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР

СО ЗАСИЛЕН ИНТЕНЗИТЕТ СЕ РАБОТИ НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР СПОЈ СО УЛ.РЕСАВСКА. АНГАЖИРАНАТА ФИРМА, НА ЕДЕН ДЕЛ ОД ЗАПАДЕН БУЛЕВАР, ИВРШИ АСФАЛТИРАЊЕ СО НОСЕЧКИ СЛОЈ СО ДЕБЕЛИНА ОД 7 САНТИМЕТРИ НА ПОВРШИНА ОД 2500 МЕТРИ КВАДРАТНИ. ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ОВАА ФАЗА , ЌЕ СЕ ИЗВРШИ И ВТОРАТА ФАЗА ОД АСФАЛТИРАЊЕТО, ВТОР СЛОЈ ОД АБ16 СО ДЕБЕЛИНА ОД 5 САНТИМЕТРИ. ОВОЈ ПРОЕКТ Е ВЕЌЕ СО ГОДИНИ БАРАН ОД ЖИТЕЛИТЕ НА ОВОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ И ЌЕ БИДЕ ОД ГОЛЕМО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ПРОЕКТОТ Е СО ФИНАНСИСКА ВРЕДНОСТ ОД 16 440 158 ДЕНАРИ.

## НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КОНТИНУИРАНО РАБОТИ НА НОВИ ПОВРШИНИ СО ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ. ВО ПОСЛЕДНА ФАЗА Е ДЕВЕТАТА ЛОКАЦИЈА КОЈА ПРЕТХОДНО БЕШЕ ОБРАБОТЕНА , ПА СЕ ПОСТАВИ СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ ПА СЕ СЕЕШЕ И ТРЕВАТА. ЛОКАЦИЈАТА СЕ НАОЃА НА УЛ.ЃОРЕ БРУШАНСКИ.

ИСТО ТАКА СЕ СЕЕШЕ ТРЕВА И НА ПОВРШИНАТА КАЈ ЗГРАДИТЕ БЕЛКА. И НА ОВАА ПОВРШИНА ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПОСТАВЕН СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ.

ВО ПОСЛЕДНИТЕ ГОДИНИ ЗНАЧИТЕЛНО Е ЗГОЛЕМЕН БРОЈОТ НА ПОВРШИНИ КАДЕ ИМА ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ. ОВОЈ ПРОЕКТ СЕ УШТЕ Е ВО ФАЗА НА РЕАЛИЗАЦИЈА И ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ УШТЕ НЕКОЛКУ ЛОКАЦИИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

## НОВИ МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ

ВО ИЗМИНАТИТЕ ГОДИНИ КОНТИНУИРАНО СЕ ПОСТАВУВААТ МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ НА МЕСТА КАДЕ ШТО НЕСОВЕСНИТЕ ГРАЃАНИ ГИ ПАРКИРАА СВОИТЕ АВТОМОБИЛИ. ЗА ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ НА ПЕШАЦИТЕ ПОСТАВЕНИ СЕ МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ НИЗ ГРАДОТ. ДЕНЕС СЕ ПОСТАВУВААТ МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ НА БУЛЕВАР МОША ПИЈАДЕ.



## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СОБЛЕКУВАЛНА НА СЦ ЈАСМИН

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА, ДЕНОВИВЕ ГО ЗАВРШИ ПРОЕКТОТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СОБЛЕКУВАЛНИТЕ НА ФУДБАЛСКИОТ ТЕРЕН НА СРЦ „ЈАСМИН“.
СПОРЕД ПРОЕКТОТ РЕКОНСТРУИРАНА Е ВНАТРЕШНОСТА НА ОБЈЕКТОТ ЗА ШТО ОПШТИНАТА ОДВОИ 700.000 ДЕНАРИ. РЕКОНСТРУКЦИЈАТА ОПФАТИ ЗАМЕНА НА ПРОЗОРЦИТЕ ОД ЗАПАДНАТА СТРАНА, ПОТОА НА ВНАТРЕШНИТЕ ВРАТИ, КАКО И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА САНИТАРНИОТ ЈАЗОЛ И ПРОСТОРИИТЕ СО ТУШЕВИ ЗА СПОРТИСТИТЕ.
ОВОЈ Е ПРВ ПОСЕРИОЗЕН ЗАФАТ НА ОБЈЕКТОТ КОЈ БЕШЕ ИЗГРАДЕН НА ПОЧЕТОКОТ ОД ОСУМДЕСЕТТИТЕ ГОДИНИ ОД МИНАТИОТ ВЕК КАКО СОБЛЕКУВАЛНА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА НЕКОЛКУ ФУДБАЛСКИ ЕКИПИ ОД ГРАДОТ КОИ СЕ НАТПРЕВАРУВАА ВО ПОНИСКИТЕ ЛИГИ.
МИНАТАТА ГОДИНА СО ДОНАЦИЈА НА РОТАРАКТ КЛУБОТ НА МЛАДИ РОТАРИЈАНЦИ ОД КАВАДАРЦИ БЕШЕ РЕКОСНТРУИРАН ПОКРИВОТ КАКО И ПРОЗОРЦИТЕ.
СО НЕГОВАТА РЕКОНСТРУКЦИЈА ОПШТИНАТА ДОПОЛНИТЕЛНО ЌЕ ГИ ПОДОБРИ ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ УСЛОВИ ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

## НОВИ СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ

СЕ ЗАПОЧНА СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ. ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ ВКУПНО 420 СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ. ФИРМА ИЗВЕДУВАЧ Е ВИА -СИГНАЛ ДООЕЛ СКОПЈЕ А ФИНАНСИСКА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ Е 810.000 ДЕНАРИ.
СО ДЕЛ ОД ОВИЕ ЗНАЦИ ЌЕ СЕ ИЗВРШИ КОМПЛЕТИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД УЛИЧНАТА МРЕЖА ВО ГРАДОТ .СО ОСТАНАТИТЕ ЌЕ СЕ УРЕДИ ДВИЖЕЊЕТО НА ТЕШКИОТ ТОВАРЕН СООБРАЌАЈ НИЗ КАВАДАРЦИ ПО ПРЕТХОДНО ИЗГОТВЕНИ СООБРАЌАЈНИ ПРОЕКТИ ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ТЕШКИТЕ ТОВАРНИ ВОЗИЛА. СОБРАЌЈНАТА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА ТТВ ЌЕ СЕ ПОСТАВИ НА СЛЕДНИТЕ ЛОКАЦИИ:



-ЗАПАДЕН БУЛЕВАР
-СЕВЕРЕН БУЛЕВАР
-УЛИЦА ШИШКА
-ДЕЛ ОД 7 СЕПТЕМВРИ
-УЛИЦА ЌИРО КРСТЕВ
-УЛИЦА СЛОГА
-УЛИЦА СТРАШО ПИНЏУР

## АСФАЛТИРАЊЕ НА УДАРНИ ДУПКИ

СЕ ЗАПОЧНА СО АСФАЛТИРАЊЕ НА УДАРНИ ДУПКИ И ПРОКОПИ НА УЛ.СТРАШО ПИНЏУР. НА ОВАА УЛИЦА ЌЕ СЕ АСФАЛТИРААТ ОКОЛУ 60 МЕТРИ КВАДРАТНИ А ЌЕ СЕ ЗАПОЧНЕ СО АСФАЛТИРАЊЕ НА УДАРНИ ДУПКИ И ПРОКОПИ И НА УЛ.ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ЈП КОМУНАЛЕЦ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ.НАРОДНА МЛАДИНА

ЗАПОЧНА СО РЕАЛИЗАЦИЈА ПРОЕКТОТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ.НАРОДНА МЛАДИНА. ВО ПРВАТА ФАЗА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ГРЕБЕЊЕ НА СТАРИОТ АСФАЛТ И ПОСТАВУВАЊЕ НА РАБНИЦИ. ВО НАРЕДНА ФАЗА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ И АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦАТА И ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ. ОВОЈ ПРОЕКТ ОПФАЌА АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ.ЕГЕЈСКА, УЛ.БЕЛ КАМЕН, УЛ.ИНДУСТРИСКА И УЛ.НАРОДНА МЛАДИНА. ПРОЕКТОТ Е СО ВРЕДНОСТ ОД 11 244 194 ДЕНАРИ И ЦЕЛОСНО ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА ДО КРАЈОТ НА ОВОЈ МЕСЕЦ.





## ПОТПОРЕН ЅИД ВО С.БЕГНИШТЕ

ЗАПОЧНА ДА СЕ РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ПОТПОРЕН ЅИД ВО С.БЕГНИШТЕ. ПОТПОРНИОТ ЅИД СЕ ГРАДИ ПО БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ НА КРИТИЧНА ТОЧКА НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ДО С.БЕГНИШТЕ. ПРОЕКТОТ Е СО ФИНАНСИСКА ВРЕДНОСТ ОД 423 340 ДЕНАРИ.



## САНАЦИЈА НА ПОЛСКИ ПАТИШТА

ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД КОНТИНУИРАНО СЕ РАБОТИ НА САНИРАЊЕ НА ПОЛСКИ ПАТИШТА ВО СИТЕ КАВАДАРЕЧКИ СЕЛА. СЕ ИЗВРШИ САНИРАЊЕ НА ПОЛСКИ ПАТИШТА ВО С.СОПОТ. ОВИЕ АКТИВНОСТИ СЕ ВРШАТ НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ СЕ СО ЦЕЛ ПОЛЕСНО ДА ГИ ОБАВУВААТ СВОИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ОБВРСКИ.





## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ВО ДИК СТРАШО ПИНЃУР

- ИНВЕСТИТОР : ЈП КОМУНАЛЕЦ
- ИЗВЕДУВАЧ : ГРАДБА ПРОМЕТ
- ДОЛЖИНА : 750М
- ПРОФИЛ : Ф110

СЕ ЗПОЧНА СО РЕКОНСТУРКЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА ЛИНЈА ВО ДИК СТРАШО ПИНЏУР, ПРОЕКТ ИНВЕСТИРАН ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ ВО ИЗНОС ОД 1 300 000ДЕНАРИ, А ИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ. ПРОЕКТОТ ОПФАЌА ЦЕЛОСНА РЕКОНСТУРКЦИЈА НА ГЛАВНАТА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА КАКО И ПРОМЕНА НА ПРИКЛУЧОЦИТЕ НА СИТЕ ФИРМИ ВО НЕА. НА КРАЈОТ КАКО ЗАВРШНА ПОСТАПКА НА ПРОЕКТОТ Е АСФАЛТИРАЊЕ НА ЦЕЛАТА УЛИЦА ВО ДИК СТРАШО ПИНЏУР - ИНВЕСТИЦИЈА ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ИЗВЕДУВАЧ ГРАДБА ПРОМЕТ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

**ВО ТЕК Е ИЗГРАДБА НА БЕТОНСКИ ЅИД ВО С.СОПОТ.**

НА ОВАА ЛОКАЦИЈА Е ПРЕДВИДЕНО ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ И ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА.





**РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО С.МАРЕНА**

СТАНУВА ЗБОР ЗА РЕШАВАЊЕ НА ДОЛГОГОДИШЕН ПРОБЛЕМ СО ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА НЕКОЛКУ СЕМЕЈНИ КУЌИ (СПРОТИ УЧИЛИШТЕТО) КОИ ДО СЕГА КАНАЛИЗАЦИЈАТА МУ ИСТЕКУВАЛА ВО ДОЛОТ. СО ОВОЈ ПОТЕГ КАНАЛИЗАЦИИТЕ ОД ОВИЕ КУЌИ СЕ ПРИФАЌААТ ВО ЕДНА ГЛАВНА , И СЕ ПРИКЛУЧУВААТ ВО НОВИОТ КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ.

**РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ.БАБУНА**

СЕ ЗАПОЧНА СО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. БАБУНА ВО ДОЛЖИНА ОД 180МЕТРИ, СО ПРОФИЛ Ф315 - ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА И 100 МЕТРА, СО ПРОФИЛ Ф315 -АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА.
СО ОВОЈ ПОТЕГ ЌЕ СЕ РЕШИ ДОЛГОГОДИШНИОТ ПРОБЛЕМ СО ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ. БАБУНА КОЈА МОМЕНТАЛНО МИНУВА НИЗ ПРИВАТНИ ДВОРОВИ, А ВОЕДНО И СО АТМОСФЕРСКИТЕ ВОДИ КОИ ЧЕСТО ПРИЧИНУВААТ ШТЕТИ НА ГРАЃАНИТЕ КОИ ЖИВЕАТ НА ТАА УЛИЦА.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОСЛЕ ЗАВРШУВАЊЕТО НА РАБОТИТЕ РОВОТ ЌЕ БИДЕ ЦЕЛОСНО АСФАЛТИРАН ОДНОСНО ВРАТЕН ВО ПРВОБИТНА СОСТОЈБА.
ИНВЕСТИТОР И ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ



**ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ ВО НАСОКА НА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА УСЛУГИТЕ КОН ГРАЃАНИТЕ, А ВО СОРАБОТКА СО ЕДНА ОД КОМЕРЦИЈАЛНИТЕ БАНКИ ВО ГРАЃАНСКО ИНФОРМАТИВНИОТ ЦЕНТАР ПОСТАВИ ТЕРМИНАЛ ЗА ЕЛЕКТРОНСКА НАПЛАТА НА УСЛИГИ. ОВДЕ ГРАЃАНИТЕ ЌЕ МОЖАТ ДА ИЗВРШАТ НАПЛАТА СО ПЛАТЕЖНА КАРТИЧКА ОД СИТЕ КОМЕРЦИЈАЛНИ БАНКИ. СО ОВА ОПШТИНАТ СОЗДАДЕ ПОВОЛНОСТ ЗА ГРАЃАНИТЕ, СО КОЈА ЌЕ ИЗБЕГНАТ НЕПОТРЕБНО ГУВЕЊЕ НА ВРЕМЕ И ТУРКАНИЦИТЕ ПО ШАЛТЕРИТЕ ВО ПОШТАТА И БАНКИТЕ.**

**ЗА ПОЧЕТОК ОПШТИНАТА ОВОЗМОЖИ ПЛАЌАЊЕ НА ПЕТ ЦЕЛНИ ДОЗНАКИ И ТОА: ДАНОК НА НАСЛЕДСТВО И ПОДАРОК, АДМИНИСТРАТИВНА ТАКСА, ДАНОК НА ПРОМЕТ, КОМУНАЛНА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПЛОШТАД И ДРУГ ЈАВНО ПРОМЕТЕН ПРОСТОР, КАКО И НАПЛАТА НА КОМУНАЛНА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОР ПРЕД ДЕЛОВНИ ОБЈЕКТИ.**

**ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ОПШТИНАТА ЌЕ ГО ПРОШИРИ ОПСЕГОТ НА УСЛУГИ КОИ ГРАЃАНИТЕ ЌЕ ГИ ПЛАЌААТ НА ОВОЈ НАЧИН.**



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

## ПРОЕКТОТ ЗА ПРОБИВАЊЕ НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР Е ВО ЗАВРШНИТЕ ФАЗИ.

СЕ РАБОТИ НА СООБРАЌАЈНАТА СИГНАЛИЗАЦИЈА.
КОМПЛЕТНО СЕ УРЕДУВААТ КОЛОВОЗНИТЕ ЛЕНТИ СО ХОРИЗОНТАЛНА И ВЕРТИКАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР , НА СПОЈОТ СО УЛ.РЕСАВСКА СО РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ И УЛ.ЈОВАН ПЛАНИНСКИ.
ПОСТАВЕНИ СЕ СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ И СЕ ОБЕЛЕЖАНИ ОКОЛУ 400 МЕТРИ КВАДРАТНИ.
ОВОЈ ПРОЕКТ Е ВЕЌЕ СО ГОДИНИ БАРАН ОД ЖИТЕЛИТЕ НА ОВОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ И ЌЕ БИДЕ ОД ГОЛЕМО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ПРОЕКТОТ Е СО ФИНАНСИСКА ВРЕДНОСТ ОД 16 440 158 ДЕНАРИ.



## ПАМЕТНИ КЛУПИ

ПРОЕКТОТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПАМЕТНИ КЛУПИ Е ВО ЗАВРШНА ФАЗА. ПОСТАВЕНИ СЕ 2 ОД ПРЕДВИДЕНИТЕ 5 КЛУПИ. КЛУПИТЕ СЕ ПОСТАВЕНИ НА КЕЈОТ НА РЕКАТА ЛУДА МАРА И НА ГРАДСКИОТ ПАРК. ВО НАРЕДНАТА ФАЗА ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ ПАМЕТНИ КЛУПИ ВО ПАРКОТ НА РЕВОЛУЦИЈАТА, СЦ ЈАСМИН И НА ПРОСТОРОТ КАЈ СПОМЕНИКОТ 12 ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ. ДОПОЛНИТЕЛНО, ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ УШТЕ 3 КЛУПИ КОИ СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ КАКО ДОНАЦИЈА. ПРОЕКТОТ Е СО ФИНАНСИСКА ВРЕДНОСТ ОД 280 000 ДЕНАРИ А ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА МЕТАЛ АПОСТОЛОВ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



## НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

ПРОЕКТОТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ СЕ РЕАЛИЗИРА СО ЗАБРЗАНО ТЕМПО. КОНТИНУИРАНО СЕ РАБОТИ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА ИНСТАЛАЦИЈАТА И НА ПОСТАВУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ 120 КАНДЕЛАБРИ ОБЕЗБЕДЕНИ КАКО ДОНАЦИЈА. СО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВОЈ ПРОЕКТ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЌЕ ДОБИЕ НОВО, КВАЛИТЕТНО И ПОЕКОНОМИЧНО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ. ЌЕ СЕ ОСВЕТЛАТ И ОНИЕ ДЕЛОВИ КАДЕ ШТО ДОСЕГА НЕМАШЕ ПОСТАВЕНО КАНДЕЛАБРИ.

ПРОЕКТОТ Е СО ФИНАНСИСКА ВРЕДНОСТ ОД 44 999 000 ДЕНАРИ.



## ГРАДЕЖНА ОФАНЗИВА НА УЛ.ШИШКА.

СЕ РАБОТИ СО ЗАСИЛЕН ИНТЕНЗИТЕТ НА ПРОЕКТОТ КОЈ ПРЕДВИДУВА ПРОШИРУВАЊЕ СО ТРИ КОЛОВОЗНИ ЛЕНТИ КАКО И ВЕЛОСИПЕДСКО - ПЕШАЧКА ПАТЕКА. ПРЕДВИДЕНО Е И ЦЕЛОСНО НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ КАКО И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ.

ГРАДЕЖНАТА ГРУПА НА ГРАДБА ПРОМЕТ , ЌЕ РАБОТИ И ВО ВЕЧЕРНИТЕ ЧАСОВИ СЕ СО ЦЕЛ ПОБРЗО ЗАВРШУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ.

СО ОВОЈ ПРОЕКТ И ОВОЈ ВЛЕЗ НА ГРАДОТ ЌЕ ДОБИЕ НОВ, СОВРЕМЕН ИЗГЛЕД.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

**РЕКОНСТРУКЦИЈА И ТАМПОНИРАЊЕ НА ПАТОТ С.БОЈАНЧИШТЕ - С.КЛИНОВО ВО ДОЛЖИНА ОД 8 КИЛОМЕТРИ , ОВАА РЕКОНСТРУКЦИЈА Е ОБЕЗБЕДЕНА КАКО ДОНАЦИЈА ОД ЈА-МИ И МИ-КОМЕРЦ.**





**СПРОВЕДЕНО Е ВТОРОТО АВИОНСКО ТРЕТИРАЊЕ ПРОТИВ КОМАРЦИ ЗА 2020 ГОДИНА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.**

**АСФАЛТИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ СТРАГОВО- КРЊЕВО**

ЗАВРШИ АСФАЛТИРАЊЕТО НА ПОСЛЕДНАТА ДЕЛНИЦА ОД ЛОКАЛНИОТ ПАТ СТРАГОВО-КРЊЕВО. ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ ЗАВРШИ СО ПОСТАВУВАЊЕТО НА ЗАВРШНИОТ СЛОЈ АСФАЛТ НА ПОСЛЕДНИТЕ МЕТРИ ОД РЕКОНСТРУИРАНИОТ ПАТЕН ПРАВЕЦ.
ОВАА ДЕЛНИЦА Е НАЈКУСАТА ВРСКА НА КАВАДАРЦИ СО БОШАВИЈАТА. СО НЕЈЗИНОТО ЦЕЛОСНО АСФАЛТИРАЊЕ СЕ ЗАОКРУЖИ ЗНАЧАЕН ПРОЕКТ НА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ ВО НАПОРИТЕ НА ЗАЖИВУВАЊЕ НА ОВОЈ НЕКОГАШ ИСКЛУЧИТЕЛНО ВИТАЛЕН РЕГИОН, БОГАТ СО ПРИРОДНИ РЕСУРСИ.
ВО ПОСЛЕДНАТА ФАЗА БЕШЕ ОПФАТЕНО ПРОШИРУВАЊЕ, ТАМПОНИРАЊЕ И АСФАЛТИРАЊЕ НА ПОСЛЕДНИТЕ 1 600 МЕТРИ ОД ПАТОТ. ПОСЛЕ АСФАЛТИРАЊЕТО ОСТАНУВА УШТЕ ДОУРЕДУВАЊЕТО НА КАНАФКИТЕ И ПРОПУСТИТЕ, ПО ШТО ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ СЕ ОЧЕКУВА И ПРЕДАВАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА ОВАА ПАТНА ДЕЛНИЦА, КОЈА ВО ИЗМИНАТИТЕ 3 ДЕНА БЕШЕ ЦЕЛОСНО ЗАТВОРЕНА ЗА СООБРАЌАЈ.
СЕГА ОД КАВАДАРЦИ ДО СЕЛОТО КРЊЕВО ПРЕКУ ЛАДНО ДОЛЧЕ И СТРАГОВО ЌЕ СЕ ПАТУВА ПО ПРОШИРЕН И АСФАЛТИРАН ПАТ, МНОГУ ПОБЕЗБЕДНО И ПОБРЗО.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



## ВО ТЕК Е ТАМПОНИРАЊЕ НА УЛ.НАРОДНА МЛАДИНА

ОВОЈ ПРОЕКТ ВО СВОЈАТА ЗАВРШНА ФАЗА ИМА ПРЕДВИДЕНО АСФАЛТИРАЊЕ НА ПОВРШИНА ОД 850 МЕТРИ КВАДРАТНИ. ВЕЌЕ СЕ ПОСТАВЕНИ НОВИ РАБНИЦИ И Е ИЗВРШЕНО ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРИТЕ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е КОМПАНИЈАТА ГРАДБА ПРОМЕТ А ПРОЕКТОТ Е СО ФИНАНСИСКА ВРЕДНОСТ ОД 11 244 194 ДЕНАРИ А ГИ ОПФАЌА И УЛ.ЕГЕЈСКА, УЛ.БЕЛ КАМЕН И УЛ.ИНДУСТРИСКА.





**ВО ТЕК СЕ ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ НА УЛ.СТИВ НАУМОВ. МОМЕНТАЛНО СЕ ВРШИ ВАДЕЊЕ НА СТАРИОТ АСФАЛТ А ВО НАРЕДНИТЕ ФАЗИ ЌЕ СЛЕДИ АСФАЛТИРАЊЕ СО НОВ СЛОЈ СО ДЕБЕЛИНА ОД 5 САНТИМЕТРИ. ВКУПНАТА ПОВРШИНА ЗА АСФАЛТИРАЊЕ Е 500 МЕТРИ КВАДРАТНИ ВО ДОЛЖИНА ОД 100 МЕТРИ.**



# ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ

**Поради зголемениот број на позитивни случаеви на КОВИД 19 во Општина Кавадарци во изминатиот период беа донесени нови заклучоци на општинскиот Кризен штаб.**

**- Членовите на кризниот штаб како авторитети, заедно со вработени од Општина Кавадарци на 27.07.2020, во период од 21-23 часот , беа во посета на сите локали, угостителски објекти, јавни површини, паркови и други места на кои што има поголеми собирања се со цел да се поделат флаери за превенција од Ковид 19 и да упатат апел за почитување на мерките за заштита.**



**- Општина Кавадарци во соработка со ТППЕ, ЈП Комуналец, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за јавно здравје секојдневно вршат дезинфекција на сите јавни површини на територијата на град Кавадарци.**

**- Општина Кавадарци во соработка со ТППЕ, ЈП Комуналец, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за јавно здравје секојдневно вршат дезинфекција на отворените и затворените делови од угостителските објекти по завршувањето на работното време.**



**На целата територија на Општина Кавадарци беше реализирана акција за делење едукативни флаери за заштита од Ковид 19. Во акцијата учествуваа 5 групи кои беа составени од Градоначалникот Митко Јанчев, сите членови на Општинскиот кризен штаб, инспектори и вработени во јавните институции. Беа поделени над 1500 едукативни флаери. Ова е само една од превентивните мерки кои денес беа донесени на Општинскиот кризен штаб на Општина Кавадарци.**

# ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ

**Се врши  дезинфекција на сите угостителски објекти од страна на службите на ТППЕ Кавадарци, ЈП Комуналец и ЈП Паркинзи.**
**Се врши дезинфекција на сите јавни институции во Општина Кавадарци.**
**Се врши дезинфекција на сите станбени згради во Општина Кавадарви.**










# ДОНАЦИЈА

## ДРЕКСЛМАЈЕР ДОНИРАШЕ „ПАМЕТНИ“ КЛУПИ ЗА КАВАДАРЦИ

НОВИТЕ СОЛАРНИ КЛУПИ ДОНАЦИЈА ОД КОМПАНИЈАТА ДРЕКСЛМАЈЕР СЕ ИНТЕЛИГЕНТНИ РЕШЕНИЈА ЗА МОДЕРНО И УРБАНО ЖИВЕЕЊЕ, КОИ ЈА ШТИТАТ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА.

ЧЕТИРИ ПАМЕТНИ КЛУПИ ДОНАЦИЈА ОД ДРЕКСЛМАЈЕР ОД НЕОДАМНА РАЗУБАВУВААТ НЕКОЛКУ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ КАВАДАРЦИ. КЛУПИТЕ СЕ ОПРЕМЕНИ СО СОЛАРНИ ПАНЕЛИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ИМААТ ПРИКЛУЧОЦИ ЗА ПОЛНЕЊЕ НА БАТЕРИИ ЗА СИТЕ ТИПОВИ НА МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ, А НА ДЕЛ ОД ЛОКАЦИИТЕ КАДЕ СЕ ПОСТАВЕНИ ИМА И БЕЗЖИЧЕН БЕСПЛАТЕН ИНТЕРНЕТ. ПАМЕТНИТЕ КЛУПИ СЕ ДИЗАЈНИРАНИ ДА СЕ ВКЛОПАТ ВО КОНЦЕПТОТ ЗА РАЗУБАВУВАЊЕ НА ГРАДОТ, А СО ПРЕТВОРАЊЕТО НА СОНЧЕВАТА ВО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРИДОНЕСУВААТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА.

„ОДРЖЛИВОСТА И ГРИЖАТА ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА СЕ ЦЕНТРАЛНИ ТЕМИ И СЕ ВКЛУЧЕНИ ВО ДОЛГОРОЧНИТЕ СТРАТЕГИИ НА DRÄXLMAIER GROUP. ТОКМУ ЗАТОА И ВО КООРДИНАЦИЈА СО ОПШТИНАТА ГИ ПОСТАВИВМЕ ОВИЕ ПАМЕТНИ КЛУПИ КОИ НУДАТ ИНТЕЛИГЕНТНО РЕШЕНИЕ ШТО ГО СЛЕДИ ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ И ПОТРЕБИТЕ НА НОВИТЕ ГЕНЕРАЦИИ. СОЛАРНИТЕ КЛУПИ ОБЕЗБЕДУВААТ МЕСТО ЗА ОДМОР НА ГРАЃАНИТЕ, ВОЕДНО СЕ И ПАМЕТЕН УРЕД ПРЕКУ КОЈ МОЖЕ ДА СЕ НАПОЛНИ БАТЕРИЈА НА МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН“, РЕЧЕ ЛУКАС МИРИНГЕР, ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР НА ДРЕКСЛМАЈЕР ВО КАВАДАРЦИ.

ПРЕКУ СВОИТЕ ПРОЕКТИ ДРЕКСЛМАЈЕР И ПОНАТАМУ ЌЕ ПРИДОНЕСУВА ЗА ПОКВАЛИТЕТНО ЖИВЕЕЊЕ ВО ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА, А КОМПАНИЈАТА ПРОДОЛЖУВА ДА ГО СПРОВЕДУВА СВОЈОТ ПЛАН НА ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО СКЛОП НА КОНЦЕПТОТ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ. ЗНАЧАЕН УДЕЛ ВО СТРАТЕШКИТЕ ПЛАНИРАЊА НА ДРЕКСЛМАЈЕР ИМААТ ОДРЖЛИВОСТА И ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА - СЕ ВЕЛИ ВО СООПШТЕНИЕТО ОД ДРЕКСЛМАЈЕР.



# КОНКУРС

**КОНКУРС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДА "7 СЕПТЕМВРИ" НА ГРАД КАВАДАРЦИ ЗА 2020 ГОДИНА**

**BY ОПШТИНА КАВАДАРЦИ | 5 АВГ 2020 | АКТУЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ, ОГЛАСИ И СООПШТЕНИЈА |**

ПО ПОВОД „7МИ СЕПТЕМВРИ" ДЕНОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА ГРАД КАВАДАРЦИ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ-ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ОБЈАВУВА КОНКУРС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „7 СЕПТЕМВРИ".

НАГРАДАТА „7 СЕПТЕМВРИ" НА ГРАДОТ КАВАДАРЦИ СЕ ДОДЕЛУВА НА ФИЗИЧКИ И НА ПРАВНИ ЛИЦА КАКО ЗНАК НА ПРИЗНАНИЕ НА ГРАДОТ КАВАДАРЦИ, ЗА ОСТВАРУВАЊА, ВО СТОПАНСТВОТО, НАУКАТА, ПУБЛИЦИСТИКАТА, УМЕТНОСТА, КУЛТУРАТА, ВОСПИТАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО, ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА, СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА, СПОРТОТ И ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА, ТЕХНИЧКАТА КУЛТУРА, ЗАШТИТАТА И УНАПРЕДУВАЊЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА, КАКО И ВО ДРУГИ СЕГМЕНТИ НА ЖИВОТОТ, ТРУДОТ И ТВОРЕШТВОТО, ШТО ПРЕТСТАВУВААТ ПОСЕБЕН ПРИДОНЕС ЗА РАЗВОЈОТ НА ГРАДОТ И ЗА НЕГОВИОТ СЕВКУПЕН НАПРЕДОК И АФИРМАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВО СВЕТОТ.

НА УЧЕНИЦИ И НА СТУДЕНТИ НАГРАДАТА СЕ ДОДЕЛУВА ЗА ТВОРЕЧКИ ТРУД ИЛИ КОНТИНУИРАНИ, УСПЕШНИ ПОСТИГНУВАЊА ВО НАСТАВНИТЕ И ВОН НАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ ШТО ПРЕТСТАВУВААТ ПОСЕБЕН ПРИДОНЕС ЗА НАПРЕДОКОТ И АФИРМАЦИЈАТА НА ГРАДОТ КАВАДАРЦИ.

НАГРАДАТА СЕ ДОДЕЛУВА ЗА ОСТВАРУВАЊА ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД ОД ЕДНА ГОДИНА (СМЕТАНО ДО ЗВРШУВАЊЕТО НА КОНКУРСОТ), КАКО И ЗА ПОДОЛГ ИЗМИНАТ ПЕРИОД КОЈ ПРЕТСТАВУВА ЗАОКРУЖЕНА ТВОРЕЧКА ИЛИ КОНТИНУИРАНА РАБОТНА ЦЕЛИНА.

НАГРАДАТА ЗА ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА СЕ СОСТОИ ОД ДИПЛОМА И ПЛАКЕТА.

ПРАВО НА ПРЕДЛАГАЊЕ КАНДИДАТИ ЗА НАГРАДАТА ИМААТ ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА.

ПРЕДЛОГОТ ЗА НАГРАДАТА ТРЕБА ДА БИДЕ ДЕТАЛНО ОБРАЗЛОЖЕН, А ЗА КАНДИДАТИТЕ ПОЕДИНЦИ ДА СОДРЖИ И БИОГРАФИЈА.

КОН ПРЕДЛОГОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА ЗА ПЕЧАТЕНИ ДЕЛА И ДРУГИ ИЗДАНИЈА СЕ ПРИЛОЖУВААТ И ДВА (2) ПРИМЕРОКА ОД ДЕЛОТО,

ПРЕДЛАГАЧОТ Е ПОТРЕБНО ДА ГИ НАВЕДЕ СВОЈОТ ПОЛН НАЗИВ, АДРЕСАТА И ТЕЛЕФОНСКИОТ БРОЈ.

ПРЕДЛОЗИТЕ И ИНИЦИЈАТИВИТЕ ДА СЕ ДОСТАВАТ НАЈДОЦНА ДО КОМИСИЈА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ И ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА ПРИ СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, НАЈДОЦНА 20 АВГУСТ 2020 ГОДИНА.

ФОРМУЛАР ЗА КОНКУРИРАЊЕ ЗА НАГРАДАТА „7 СЕПТЕМВРИ" НА ГРАД КАВАДАРЦИ МОЖЕ ДА СЕ ПОДИГНЕ ВО ГРАЃАНСКО ИНФОРМАТИВНИОТ ЦЕНТАР ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

ПРЕДЛОЗИТЕ СЕ ПОДНЕСУВААТ ВО 2 ПРИМЕРОЦИ ПРЕКУ ПОШТА ИЛИ ДИРЕКТНО ВО АРХИВА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА КАВАДАРЦИ СОБА БРОЈ 20.

ИНФОРМАЦИИ НА ТЕЛЕФОН 043/ 416-130.

Општинско јавно гласило
**КАВ’ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**